**Известување за концентрација со која ВИЕНЕРБЕРГЕР ДОО КАЊИЖА ДОО, Србија, ќе стекна единствена контрола врз ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, УСЛУГИ И ТРГОВИЈА УНИВЕРЗУМ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ ДОО, АРАНЃЕЛОВАЦ, Србија.**

**(предмет бр. 08-87/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 19.05.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која ВИЕНЕРБЕРГЕР ДОО КАЊИЖА, друштво со ограничена одговорност со седиште на Суботички пат 57, 24420 Кањижа Србија ќе стекне контрола над ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, УСЛУГИ И ТРГОВИЈА УНИВЕРЗУМ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ ДОО, АРАНЃЕЛОВАЦ, друштво со ограничена одговорност со седиште на Крќевачки пат 2, 34300 Аранѓеловац Србија, преку стекнување на удели.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

ВИЕНЕРБЕРГЕР ДОО КАЊИЖА е дел од Виенербергер Групацијата, меѓународен снабдувач на градежни материјали и инфраструктурни решенија („**Групацијата на Стекнувачот**“). Групацијата на Стекнувачот има една регистрирана подружница во Северна Македонија – Друштво за производство, трговија и услуги ВИНЕРБЕРГЕР ДООЕЛ Виница, друштво со ограничена одговорност со седиште на ИГМ-ПРОЛЕТЕР 1, Виница, Северна Македонија, со главна дејност 23.320 – Производство на тули, ќерамиди и градежни производи од печена глина.

ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, УСЛУГИ И ТРГОВИЈА УНИВЕРЗУМ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ ДОО, АРАНЃЕЛОВАЦ е производител на глинени тули со седиште во Србија. Неговата подружница, индиректно е исто така предмет на Трансакцијата – УНИВЕРЗУМ ЦИГЛАНА ДОО АРАНЃЕЛОВАЦ.
ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, УСЛУГИ И ТРГОВИЈА УНИВЕРЗУМ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ ДОО, АРАНЃЕЛОВАЦ и УНИВЕРЗУМ ЦИГЛАНА ДОО АРАНЃЕЛОВАЦ, немаат подружници во Северна Македонија, но се присутни со продажба на глинени тули.
За потребите на на оценка на оваа концентрација, според подносителот на известувањето релевантниот пазар може да се дефинира како пазар на материјали за изградба на ѕидови на територијата на Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

22.05.2026 година